11.07.2023
03 15

ДО

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Предмет: Иницијатива за вршење на програмски (вонреден) надзор врз телевизија Алфа**

Почитувани,

На ТВ Алфа, односно на нејзината веб страна „www.alfa.mk", како и на нејзиниот youtube канал „Alfta TV News", во континуитет се емитуваат вести и емисии, во кои се искажуваат навредливи содржини, зборови, мислења и ставови, односно вокабулар и наратив кој ги содржи сите можни елементи на говор на омраза кон Република Бугарија, бугарскиот народ, вклучително и бугарите кои се граѓани на Република Северна Македонија, што е во спротивност на Уставот на Р.С.Македонија, член 4 од Законот за медиумите, во кој е пропишано дека е забрането емитување на содржини во медиумите со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на националност, спротивно на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за ратификација на договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија, спротивно на меѓународните правни акти ратификувани од Собранието на Р.С.Македонија кои се однесуваат на забрана на секаков вид на дискриминација и поттикнување на раздор и меѓуетничка нетрпеливост: Европската конвенција за човекови права, Универзалната декларација за човекови права, Меѓународната повелба за граѓански и политички права и Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ООН.

Во продолжение хорнолошки ги наведуваме **најексплицитните вести и во кои се содржани елементи на говор на омраза и ширење на раздор и нетрпеливост** кон Република Бугарија, бугарскиот народ и бугарите кои се граѓани на Република Северна Македонија:

- На ден **03.05.2023** Телевизија Алфа на својот фб профил објавила видео во кое се вели дека со влез во Уставот влегуваат секаде: Бугарите ќе се вработуваат државно ќе ги има на МРТ, ќе им плаќаме за антимакедонска кампања, за Пендаровски тоа било НИШТО.

Македонија како држава би имала законски обврски да финансира и помага отворање на бугарски културни центри, финансирање на проекти од културата на македонските Бугари. Што би значело и дека Македонија сама би финансирала негирање на македонската држава ако ги знаеме ставовите на официјална Софија и самоосвестените Бугари од државава како и дека нивните апетити ќе раснат со нивното влегување во Уставот.

Претседателот Стево Пендаровски на новинарско прашање одговара дека не би препорачал некој да се запише како Бугарин.

**Доказ** : https://www.facebook.com/AlfaTelevizijaMk/videos/1225267631455653/




Објавата има 188 реакции (емотикони), 283 коментари и 7300 прегледи.

Со ваквата објава на социјалната мрежа фејсбук, телевизијата свесно поттикнува говор на омраза и ксенофобичен наратив од страна на фејсбук профили кои ја следат телевизијата на профилот на ТВ Алфа.

- На ден **10.05.2023** на web страната на Алфа ТВ и youtube каналот објавена е вест со следната содржина:

Бугарија ја доби новата ѕвезда. Му послаа црвен тепих, вршеа пренос во живо, а бугарскиот државен врв се појави на церемонија **небаре му се поклонува на народен херој** – Христијан Пендиков стана државјанин на Бугарија. Потпреседателката Илијана Јотова лично му ги врачи документите на посебна церемонија во т.н. Гербова Сала во бугарското претседателство, каде вообичаено се доделувале најпрестижните награди и одликувања, се оддржувале најважните средби и се потпишувале меѓудржавни договори.

Пендиков, кој во Македонија е осомничен за тргување на дрога и никој не знаеше за него додека не беше натепан во Охрид, ги искористи своите пет минути па се жалеше пред бугариските власти дека освен него и другите Македонски Бугари трпеле притисоци од македонските власти.

**Пендиков го доби епитетот на храбар човек кој останал верен на бугарската самосвест и идентитет од страна на бугарската потпретседателка. Церемонијата и**

**дојде премногу дури на бугарската јавност, кој го оцени настанот како фама со која Јотова си го крева рејтингот**

Пенидков е родум од Охрид, и надвор од родниот град ретко кој го имаше слушанто неговото име се до тепачката, која официјлна Софија ја исполитизира до максимум. Причината за ќотекот наводно било тоа што Пендиков се прогласувал како Бугарин, а се зборуваше и дека тој имал нерасчистени сметки со напаѓачите. Која верзија е точна треба да реши охридскиот суд. Инаку, тој беше секретар и на сега згаснатиот бугарски клуб во Охрид, со контроверзно име „Цар Борис iii“.

**Доказ** : https://alfa.mk/%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B1%D1%83%D0%B3%D0%B0%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D1%95%D0%B2%D0%B5%D0%B7%D0%B4%D0%B0-%D1%85%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BD-%D0%BF%D0%B5%D0%BD/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b1%d1%83%d0%b3%d0%b0%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d1%95%d0%b2%d0%b5%d0%b7%d0%b4%d0%b0-%d1%85%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bd-%d0%bf%d0%b5%d0%bd

https://www.youtube.com/watch?v=jLkRwwFSLgQ&t=1s – видеото има 420 прегледи на You Tube



- **На 11.05.2023** Нови обиди за бугарска асимилација: Контроверзниот Милен Врабевски донира десет пати повеќе од Пендаровски за млади македонски уметници

Нешто повеќе од 500 евра од Пендаровски, 6.000 евра од Милен Врабевски, 12 пати повеќе од македонскиот претседател ќе донира човекот кој го негира македонскиот народ и ги финансира бугарските културни клубови во Македонија, за членовите на македонското детско ликовно друштво „Свети Кирил и Методиј“ да отпатуваат во Франција.

Таму ќе биде награден нивниот успех и ќе да добијат 13 медали и 20 признанија на престижен ликовен конкурс за детски цртежи, организиран од УНЕСКО. Оваа прилика од Фондацијата на Врабевски ја користи и за напад кон македонските власти, бидејќи ја скратиле финансиската помош за овие млади уметници.

**-Децата кои се дел од Детското уметничко друштво „Свети Кирил и Методиј“, таму се обучуваа потполно бесплатно, и тоа беше така од неговото основање во 1968-ма до минатата година, кога државната помош им беше запрена без објаснување, случајно или не, после посетата на децата во Пловдив минатата година, велат од Фоднација „Бугарска меморија“.**

Според се што доаѓа од Бугарија, но и од самоосвестените Бугари тука во Македонија, очигледно финансиите не се само сега случај, во обидот да се турка политиката на официјална Софија, која наликува на обид за бугарска асимилација на Македонците

Пред само неколку дена првиот човек на Алијансата на македонските Бугари, Драган Цветковски, ни кажа дека на Бугарите им следувале 2.300 вработувања во државната адмистрација, иако според последниот попис во државава ги има само 3.504 во државава.

**-Затоа АМБ планира да го спречи тоа со имплементација на Агенција за вработување во јавна администрација од редот на Бугарската заедница во РСМ . Преку Агенцијата до 2025 треба да се вработат околу 30 000 Македонски Бугари во институциите во РСМ, вели Цветковски.**

Финансиите се користат и од Фондација Македонија од Софија на контроверзниот Виктор Стојанов. Тие даваат пари на деца од Македонија, за да го изучуваат бугарскиот јазик.

**-Фондацијата Македонија ќе му понуди на секое дете од Македонија и Србија месечна стипендија од 30 евра доколку студира литературен бугарски јазик, порачаа тогаш од „Фондација Македонија“.**

Покрај бесплатниот курс по бугарски јазик, среде Македонија се организираат и гратис часови по историја по бугарски терк.

Но, тоа не е се, пред помалку од година во два наврати, Милен Врабевски во Скопје, Охрид, Битола и Богданци делеше и пакети храна, на кои беа залепени фотографии од Цар Борис Трети, по кога беше именуван веќе забранетиот бугарски културен клуб во Охрид.

https://alfa.mk/%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8-%d0%be%d0%b1%d0%b8%d0%b4%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d0%b1%d1%83%d0%b3%d0%b0%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d0%b0%d1%81%d0%b8%d0%bc%d0%b8%d0%bb%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%ba%d0%be/

https://www.youtube.com/watch?v=uXJCGI6urN0&t=2s

# Протоколот со Бугарија крие многу повеќе од уставни измени

11.05.2023



- На **13.05.2023** година во ТВ Емисија „ЗА ИЛИ ПРОТИВ“ во која како гости учествуваа професоркта Наташа Котлар и аналитичарот Сотир Костов, на која се дискутира за прифаќањето на Бугарите во Уставот, дека Владата не го слуша гласот на народот затоа што 80% од Македонците се против внесување на Бугарите во Уставот.

Во текот на целата емисија, беа искажани навредливи зборови, мислења и ставови, односно вокабулар со говор на омраза кон Република Бугарија, бугарскиот народ, вклучително и бугарите кои се граѓани на Република Северна Македонија, се со цел во јавноста да се создаде слика прикажувајќи ја Република Бугарија и бугарскиот народ како најголем непријател на Република Северна Македонија и македонците.

Исто така и поставените прашања кон гостите од страна на водителката на емисијата Елена Марковска Цветановска, беа тенденциозни, со цел истите да ги навлече на наратив кој содржи говор на омраза, односно поттикнување на ксенофобичен вокабулар.

**Доказ**: https://www.youtube.com/watch?v=vS2qzF_1cSM- НАД 4.900 ПРЕГЛЕДИ НА ЈУТУБ




**ЗА ИЛИ ПРОТИВ (12.05.2023) ГОСТИ: Д-Р НАТАША КОТЛАР, СОТИР КОСТОВ,**

- На 16.05.2023 објавено е следното:

Македонија да стане држава на два рамноправни народи- на Македонците и Албанците, на пет етнички заедници – Турци, Власи, Срби, Роми и Бошњаци и неколку малцинства меѓу кои и Бугарите. Ова е една од можните варијатни како би изгледала новата Преамбула скроена по мерка на власта за да се задоволат и добијат албанските гласови

во Собранието. „Плус инфо", од свои извори на поопсежен начин анализира, како во некои политички кругови се заговара предлог кој ќе ги задоволи сите освен Македонците, кој впрочен и никој не ги прашува пишува порталот повикувајќи се на извор добро упатен во разговорите на високо ниво.

- **„Идејата не е целосно оформена, за да може за неа сериозно да се расправа. Но, јасно е дека е мотивирана од потребата да се задоволат амбициите на албанскиот политички фактор. Дури и под претпоставка да се согласиме дека и тоа не е спорно, овој концепт создава нови проблеми, не само за мнозинската етничка заедница, Македонците. Како што гледаме, во овој процес Македонците веќе се „прежалени". Прашање е, сепак, како би се именувале Турците, Власите, Србите, Ромите и Бошњаците, кои сега веќе имаат формално рамноправен статус со Албанците, барем во Преамбулата. Исто така, големо прашање е дали Бугарите ќе се задоволат да бидат именувани како малцинство** – вели изворот на Плусинфо.

Како што е познато, во сегашната Преамбула на Уставот постојат 4 категории:

**Граѓаните на Република Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите.**

Ова би значело дека досегашниот уставен текст дека Македонија е држава на Македонците и другите етнички заедници би било минато доколку владејачкото мнозинство ги прифати ваквите преговарања а за возрат би добиле парламентарни гласови за уставните измени.

Во меѓувреме, шефот на државата останува на тврдењата дека внесувањето на Бугарите во Уставот нема да ја разнишат државата. Но, не само Бугарите , Македонија според Пендаровски треба да ги внесе останатите етнички заедници.

- **„Ние сме позитивен пример не само во регионот, туку и пошироко. Немаме луксуз да живееме на стара слава. Ни треба поголема политичка вклученост за подобрување на помалкубројните етнички заедници. Внесувањето на други етнички заедници во Уставот, вклучитело и Бугарите нема да ја разниша нашата држава"**, рече Пендаровски.

Освен Бугарите, засега се спомнуваат и Хрватите, Црногорците, Египќаните и Евреите – кои во Преамбулата би имале формално еднаков статус како и Албанците, што добилнително би ја зголемила фрустрацијата кај нив, пишува порталот.

**Доказ**: https://www.youtube.com/watch?v=USPpdi0i3dM&t=2s

## Уставни измени: Изедначување на Македонците и Албанците како народи, редење пет малцинства, па Бугарите?

16.05.2023



- На 23.05.2023

**Бугарските амандмани против Македонија во ЕП, показател што не чека за време на преговорите со ЕУ**

320-те амандмани на европратениците за извештајот за Македонија на Илхан Ќучук, од кои педесетина се од бугарските европарламентарци се само пример што се и следува на Македонија кога ги почне преговорите со Унијата со оваа преговарачка рамка, предупредуваат дел од експертите. Нови и нови амандмани, барања, услови се нашата иднина штом и ако го започнеме процесот за интегрирање во европското семејство по преговарачката рамка која ја прифати владата на Ковачевски и Ахмети.

Поранешниот амбасадор Ѓорчев за Алфа вели дека ова е доказ дека начинот на кој избравме да преговараме е тотално погрешен.

**Ова што се случува сега во Европскиот парламент е само доказ дека начинот кој е избран да преговараме со ЕУ при што имаме услов еден билатерален договор да ни биде услов за преговори и таму уште да имаме одредба дека секоја година ќе треба да потпишеме во делот на историско-образовните прашања, да имаме туторство за нашиот образовен систем, можни се не 50 туку 500 амандмани и секогаш ќе имаме пречка и токму затоа јас повеќе години зборувам дека овој начин на преговори со ЕУ прифакајќи нешто што не припаѓа кон стандардите на ЕУ нема да ја одведе Македонија никаде туку ќе бидеме закочени токму со прифаќање на ваква преговарачка рамка**, вели **МАРЈАН ЃОРЧЕВ, поранешен амбасадор**

Вели на основните поглавја кога би почнале перговорите Македонија ќе заглави, оти Бугарија ќе има право да го прави тоа, баш заради преговарачката рамка која македонската влада ја прифати, иако и опозицијата, а и дел од граѓанскиот сектор се противеа.

**Овој начин на преговори каде имаме многу тежок услов, привите поглавја – телемните вредности, поглавјата 23 и 24, право, правосудство, правда, тука ќе паднеме бидејќи што нема праведност, ако некој смета, а бугарите сметаат, тие си имаат своја стратегија дека се обесправдани како македонски граѓани со бугарска самосвест дека се онеправдани во Македонија, дека нашата историја е фалсификат на бугарската и ред други прашања, дека образовниот систем треба да се смени, можни се илјадници амандмани и перманентно кочење на нашиот преговарачки процес со ЕУ**, вели **Марјан Ѓорчев – поранешен амбасадор**.

Токму за можностите колку пати Бугарија може да ни стави рампа, зборува и поранешниот заменик министер за надворешни работи на Бугарија кој јасно кажа дека на секое поглавје тие можат да стават блокада.

**Изјава Милен Керамитчиев – поранешниот заменик министер за надворешни работи на Бугарија** (надсинхорнизирана)

**Ако Македонија утре ги започне преговорите за влез во ЕУ, таа нема да стане членка во следните 10 години, а Бугарија ќе има можниост 35 пати да го запре овој преговарачки процес.**

Керамитчиев посочи и дека поглавјето за добрососедство и владеење на правото е прво што се отвора во преговарачкиот процес и последно се затвора. Така, Бугарија секогаш ќе може да каже дека оваа земја не ги исполнува критериумите", додаде тој.

**Доказ**: https://www.youtube.com/watch?v=tK67HtkhLTg&t=1s – 488 прегледи на јутуб

## Бугарските амандмани против Македонија во ЕП, показател што не чека за време на преговорите со ЕУ

23.05.2023



- 23.05.2023 година

ТВ Алфа, на 23.05.2023 година објавува вести со наслов „**На денот на светите Кирил и Методиј се отвора бугарски клуб во Пустец**“.

Текстот на вестите е со вознемирувачка содржина, со ксенофобичен наратив насочен кон бугарскиот народ. Во продолжение текстот на вестите:

„Додека Османи се правда, Бугарите тераат со нови провокации. на утрешниот празник на сесловенските просветители светите Кирил и Методиј, во селото Пустец во Албанија каде што живеат само Македонци тие најавуваат отворање на бугарски клуб. Ваквата информација преку социјалните мрежи ја објави претседателот на таканаречената бугарска фондација „Фондација Македонија“ Виктор Стојанов. „Пристигнавме во нашето село во Албанија. Пустец. Во среда на најголемиот бугарски празник тука ќе има бугарски собир“, пишува Стојанов во својата објава на Фејсбук. Мештаните тврдат дека на терен засилено се пропагира бугарска идеологија и наголемо се издаваат пасоши на македонците во Албанија. Овие активности, според нив, се засилиле токму по потпишувањето на договорот за добрососедство и соработка помеѓу Македонија и Бугарија од 2017 година. „Тоа не е никаква тајна, после потпишувањето на договорот за добрососедство и соработка помеѓу Македонија и Бугарија од 2017 година, бугарските активности во Албанија, а особено во мала Преспа се засилија. Невработеноста и условите за живот ги тераат младите излезот да го бараат надвор од Албанија, а најлесен избор во моментов е бугарскиот посош со кој можат да патуваат и работаат низ Европа. На сите им е јасно, а особено и на оние кои го пропагираат ова дека во Албанија нема Бугари и дека единствениот интерес на сите жители од економски причини е токму пасошот кој им отвора можности на младите да се иселат и да работат во некои од странските земји, велат мештаните за порталот курир“.

**Доказ**: https://alfa.mk/%d0%bd%d0%b0-%d0%b4%d0%b5%d0%bd%d0%be%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d0%b2%d0%b5%d1%82%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%ba%d0%b8%d1%80%d0%b8%d0%bb-%d0%b8-%d0%bc%d0%b5%d1%82%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%98-%d1%81%d0%b5-%d0%be/?fbclid=IwAR02lMyEJrPirbHSVuBY2tmRX9D6zmwlKe_Oc0AH_4ALJP-7HOKepEAdfKg




❖ 26.05.2023

ТВ Алфа, на 23.05.2023 година објавува вести со наслов „**И македонската храна да ти била бугарска, Софија промовира „Јазик на бугарската кујна**“.

Текстот на вестите е со ксенофобичен наратив насочен кон бугарскиот народ. Во продолжение текстот на вестите:

„Бугарија најде начин и преку кулинарството да тврди дека во Македонија се зборува бугарски јазик. Пинџур, зелник, баничка, специјалитети со јагнешко, традиционалните македонски јадења, Бугарија си ги присвои како свои и тоа со обележување на територијата и на Макеоднија. Кулинарската карта на бугарскиот јазик е раскажана на 128 страници а на нејзината корица, како и на повеќе места внатре ја има и картата на Санстефанска Бугарија. „Бугарскиот јазик денес, поради промени од вонјазични карактер, се среќава внатре и надвор од државните граници на Бугарија во трите историско-географски области: Мизија, Тракија и Македонија.“ – Извадок од објаснувањето за кулинарската карта од Институтот за бугарски речник. Книгата со наслов „Јазикот на Бугарската Кујна“ е поддржана од Бугарската Академија на науките. Алфа побара став од Министерството за надворешни работи – дали ќе реагираат за негирањето на македонскиот јазик, но и за иредентизмот и територијалните претензии искажани пред се преку картите, со оглед на тоа што изданието е од највисоката научна институција на источниот сосед. Од МНР, по обичај, молк за овие теми. Ова не е првпат од бугарска страна да се објавуваат карти со голема Бугарија каде влегува и Македонија. Но, властите кај нас не реагираат. Македонските власти молчеа и кога бугарскиот министер Каракачанов по повод 8 март пред две години објави карта на Голема Бугарија.

Тогашниот премиер Зоран Заев заедно со поранешниот вицепремиер за европски прашања, Никола Димитров, овој потег го нарекоа предизборен фолклор и не го осудија. Властите молчат и за последната провокација со која Бугарите најавија отварање на бугарски клуб во Пустец, а тамошниот градоначалник демантираше. Од друга страна официјална Софија постојано реагира, за се и сешто – испраќа протестни ноти, осуди, се жали во Брисел. На пример бугарскиот претседател Румен Радев не остана рамнодушен на блиц патриотизмот на Димитар Ковачевски кога односот на Бугарија кон Македонија го спореди со оној на Русија кон Украина и порача, Македонија да смогне сили и да ги внесе како што рече сонародниците на Гоце Делчев во Уставот“.

**Доказ:** https://www.youtube.com/watch?v=gIztPUdnbO8&t=1s – 762 прегледи




❖ 01.06.2023 година

ТВ Алфа, на горенаведениот датум, објави вести со наслов „**Внесувањето на Бугарите во Уставот „мириса“ на Преспа – расте притисокот за нова отстапка, но без гаранции за ЕУ иднина**“.

Текстот на вестите е полн со дезинформации, лажни претпоставки, односно лажни вести, со ксенофобичен наратив насочен кон Република Бугарија и бугарскиот народ. Во продолжение текстот на вестите:

„Уште ова и готово – се ќе тргне“. Колку пати македонските граѓани ја имаат слушнато оваа порака од меѓународната заедница?! Брисел и Вашингтон го засилуваат притисокот што поскоро да ги направиме уставните измени, но немаат никакви гаранции дека тоа ќе не донесе поблиску до Европската Унија. Слично како пред потпишувањето на Преспанскиот договор, кога ни беше ветувано дека уште таа тешка одлука и ќе почнеме пристапни преговори, а наместо тоа добивме само вето. Македонија е сведок на дипломатски притисоци – Макрон, Шолц, Борел, Фон дер Лајен, и сите амбасадори на земјите членки на ЕУ го повторуваат истото – сега треба да се искористи моментумот. Но сето ова се случува во период кога и самиот претседател на Франција Макрон, признава дека Унијата треба да

се реформира пред да прими нови членки. Според претседателот на собраниската комисија за надворешни работи, Антонио Милошоски, ставовите на официјален Париз се показател дека надежите на Владата за членство во ЕУ до 2030 година се само политичка реклама. Макрон вчера во Братислава за процесот на проширувањето на ЕУ изјави: Сегашното статус-кво не е опција, но и брзото проширување со нови членки, а без претходни реформи на институциите на ЕУ, исто така не е опција. Ваквиот став некому може помалку да му се допаѓа, но барем треба да се цени тоа што Франција јасно ги искажува своите ставови. Затоа, доколку внимателно да се анализираат позициите на официјален Париз, не е тешко да се заклучи дека најавите за полноправно членство на Македонија во ЕУ до 2030 година се владина политичка реклама – напиша Милошоски. Никој не гарантира дека и по внесувањето на Бугарите во Уставот, нема да бидеме блокирани од друга земја членка, а можеби и повторно од Бугарија. Како што никој не гарантира дека ЕУ ќе си ги остави реформите на страна, за Македонија да стане дел од Унијата. Ништо во животот нема гарантирано, освен смртта. Ако некој верува дека нашиот прием во ЕУ е нешто што е сигурно, тоа во најмала рака е наивност. Мислам дека овие денови е посериозна пораката која ни ја упати Фон Дер Лајен, која рече дека политиката на ЕУ кон кандидатите се сведува на четири столба: Проширување на пристапот до единсвтениот пазар, пооглема економска соработка, реформи, и поголема пристапност до нивните фондови. Многу јасно е дека проширување нема. Сите овие четири столба покажуваат дека ние сме далеку од ЕУ – вели поранешниот амбасадор Ристо Никовски. Уставните измени и реформите внатре во ЕУ не се единствените пречки – меѓународната заедница во секоја прилика реагира дека земјава мора да си ги заврши домашните задачи во однос на борбата против криминалот и корупцијата но и реформите во правниот систем. Критики стигнуваат од САД и од амбасадори на речиси сите земји членки на ЕУ кои состојбата во судството ја оценија како катастрофална а борбата против корупцијата слаба“.

**Доказ:**
https://alfa.mk/%d0%b2%d0%bd%d0%b5%d1%81%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5%d1%82%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d0%b1%d1%83%d0%b3%d0%b0%d1%80%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d0%b2%d0%be-%d1%83%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%b2%d0%be%d1%82-%d0%bc/



❖ 02.06.2023 година

ТВ Алфа, на горенаведениот датум, објави вести со наслов „**Владата нема контрола кој финансира бугарска пропаганда во Македонија**".

Текстот на вестите е полн со дезинформации, лажни претпоставки, односно лажни вести, со ксенофобичен наратив насочен кон д-р Милен Врабевски, филантроп од Република Бугарија, кој гради мостови на пријателство помеѓу Р.Бугарија и Р.С.Македонија, со финансирање на разни културно-образовни манифестации, човек кој донираше вакцини за време на КОВИД19-пандемијата. Во продолжение текстот на вестите:

„Владата без одговор дали има контрола кој и со каква цел финансира бугарска пропаганда во Македонија. Ниту, пак, има одговор чии интереси застапува бугарскиот филантроп Милен Врабевски кој е главен финансиер на бугарските клубови, а најново и на Мал Битолски Монмартр и Светската детска ликовна изложба и конкурс „Битола". Алфа се обрати до портпаролот на Владата, но попусто. Додека власта молчи и е слепа за истурените пари од фондацијата на Врабевски во земјава, филантропот се расфрла со пари за финансирање на манифестации кои имаат традиционално и културолошко значење за Македонија. Бугарскиот тајкун, дал десетпати повеќе парични средства од претседателот Стево Пендаровски за патувањето во Франција на наградена ученичка од ликовното студио „Св.Кирил и Методиј" од Битола. На пат за Франција е и раководството на Мал Битолски Монмартрт Славчо Неделковски кој за Алфа не даде одговор зошто ја примиле донацијата од 17.500 евра од Врабевски кога Општина Битола и Министерството за култура дало пари. Неодамна во интервју, Неделковски вели дека не му е грижа за бугарските клубови во Макеоднија. ТЕЛОП: Извадок од интервју на Славчо Неделковски
-Не е ментално добро да се туркаат вредностите на ЕУ за Европа без граници, а овде да се подигаат ѕидови меѓу два соседни и братски народи. Апсурдно е. Колку е апсурдно да не обележуваат како пробугарска организација. Сите проекти со Врабевски се меѓу организации од Бугарија и Македонија и бугарски и македонски ученици.
Ниту, пак, наша работа е да ги лекуваме националистичките политичари од двете страни на границата, извадок од интервју на Славчо Неделковски. Милен Врабевски во јавноста стана познат во екот на пандемијата од Ковид кога на граничните премини нудеше бесплатни вакцини за државјани од Македонија. Тој беше пречекуван од поранешниот премиер Зоран Заев во Македонија каде дискутирале за добрососедски односи. Пред помалку од една година во два наврати, Врабевски во Скопје, Охрид, Битола и Богданци делеше и пакети храна, на кои беа залепени фотографии од Цар Борис Трети, по кого беше именуван веќе забранетиот бугарски културен клуб во Охрид. Врабевски заедно со Ковачев на 6 мај годинава без спречени да влезат во Македонија бидејќи државата немало да дозволи никој да го нарушува јавниот ред и мир.

**Доказ:**
https://alfa.mk/%d0%b2%d0%bb%d0%b0%d0%b4%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b5%d0%bc%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bd%d1%82%d1%80%d0%be%d0%bb%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d1%98-%d1%84%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%b8%d1%80%d0%b0-%d0%b1/




- 03.06.2023 година

ТВ Алфа, на горенаведениот датум, објави вести со наслов „**Обиди за бугарска асимилација на Македонците: Бугарските провокатори се како јеховини сведоци во Мала Преспа**“.

Текстот на вестите е полн со дезинформации, лажни претпоставки, односно лажни вести, со ксенофобичен и вознемирувачки наратив насочен кон Р.Бугарија и бугарскиот народ, особено што говорот на омраза се однесува за некаква си “асимилација на македонците“ и нарекувајќи го бугарскиот народ како “провокатори“ и “јеховини сведоци“. Во продолжение текстот на вестите:

„Бугарските провокатори се како јеховини сведоци во Мала Преспа, со мисија да ја сменат македонската националност во цела Албанија. Првиот човек на партијата на партијата на Македонците кај западниот сосед, Васил Стерјовски обвинува дека Бугарите вршат жестока пропаганда со цел асимилација на Македонците, искористувајќи ја нивната економска состојба. Бизнисот со бугарски пасоши го спореди со трговија со дрога. -Во Албанија ако сакате да знаете бизнисот со бугарски пасоши во моментов е попрофитабилен од бизнисот со марихуана, еден бугарски пасош од 20 до 25 илјади евра за Албанците, за Македонци им ја одравте кожата. Пред десет години тука имавме попис, сите се декларираа како Македонци. Дури и тие што работеа за бугарската пропаганда се декларираа како Македонци, изјави Стерјовски. Стерјовски вели дека Македонците во Мала Преспа и цела Албанија ќе ја издржеле оваа бугарска пропаганда, по траела повеќе од век и половина. -1923-та година кога се ставаа границите на ова подрачје, овие сите жители, Бугарите викаат се Бугари, тие се изјаснија за Македонци. Тоа го има во извештаите на италијанскиот генерал Пикотелини, на францускиот генерал Андре Орион, кој вика тука ова население се изјаснува за Македонци, не за Бугари, изјави Стерјовски

Стерјовски потсетува и дека македонскиот револуционер Петар Поп Арсов уште пред 130 години, за бугарска пропаганда во Македонија, која се одвивала преку бугарската црква напишал: „Егзархијата дава пари и купува ветер зошто народноста со пари не се купува – тоа е такво деликатно нешто, кое штом сети дека го пазариш изветрува”.

**Доказ:** https://alfa.mk/%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D0%B4%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D0%B1%D1%83%D0%B3%D0%B0%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D0%BB%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=%d0%be%d0%b1%d0%b8%d0%b4%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d0%b1%d1%83%d0%b3%d0%b0%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d0%b0%d1%81%d0%b8%d0%bc%d0%b8%d0%bb%d0%b0%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5




❖ 21.06.2023 година

ТВ Алфа, на горенаведениот датум, објави вести со наслов „**Бугарија најде начин како да произведе нови фиктивни Бугари**“.

Текстот на вестите е полн со дезинформации, лажни претпоставки, односно лажни вести, со ксенофобичен и вознемирувачки наратив насочен кон Р.Бугарија и бугарскиот народ, особено што упатството издадено од Министерот за правда на РСМ е суспендирано од страна на Уставниот суд на РСМ. Во продолжение текстот на вестите:

„Откако драстично опадна интересот кај Македонците за вадење бугарски пасош, за да можат да заминат на печалба во некоја од земјите во Европската Унија, Бугарија препозна

нова можност да произведе фиктивни Бугари во Македонија, преку новите изводи со етничка графа. Фондацијата Македонија која важи за блиска до бугарските институции, упати апел преку социјалните медиуми да се вадат нови документи и посочи како побрзо да се стигне до бугарско државјанство. „До Бугарите во Северна Македонија: Според новиот закон можете да го обновите изводот на родените и на него пишува националност: бугарска. Сега проверуваме дали ова ќе ти даде можност сигурно да добиеш бугарско државјанство, но ако на изводот ти пишува бугарско, дефинитивно треба да добиеш бугарско државјанство врз основа на бугарско потекло и самосвест. Масовно вадете изводи од С. Македонија, во кои е напишана националноста на Бугарин. Чини 250 денари." – Пишува фондацијата на фејсбук. Ова следи откако министерот за правда, Кренер Лога донесе упатство кое веќе е објавено во службен весник, а со кое во изводите од матичните книги ќе има и графа за етничката припадност, односно националност. Универзитетскиот професор Борче Давитковски, за Алфа ТВ неодамна појасни дека етничката припадност е индивидуално чувство и не може да биде бирократски одредена. Според него станува збор за злоупотреба и прекршување на основното човеково право за самоопределување, па ако биде оспорено на Уставен суд, ќе падне. Лога пак е убеден дека на ваков начин ќе се спречи злоупотребата при вработувањата во администрација. Во последниве години намален е интересот за вадење на бугарски пасош, со оглед на посложените процедури кои значат проверка на потеклото на апликантот. По аферата со тргување со пасоши во Бугарија, Европската унија побара поголеми контроли во бугарските институции. Првообвинет во случајот беше првиот човек на Државната агенција за Бугари во странство, Петар Харалампиев, кој во 2021 година се најде на црната листа на САД, заедно со уште еден функционер од истата институција".

**Доказ:**
https://alfa.mk/%D0%B1%D1%83%D0%B3%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B4%D0%B5-%D0%BD%D0%B0%D1%87%D0%B8%D0%BD-%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%BE-%D0%B4%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D0%B4/?utm_source=rss&utm_medium=rss&utm_campaign=%d0%b1%d1%83%d0%b3%d0%b0%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%98%d0%b4%d0%b5-%d0%bd%d0%b0%d1%87%d0%b8%d0%bd-%d0%ba%d0%b0%d0%ba%d0%be-%d0%b4%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d0%b4



- 21.06.2023 година

ТВ Алфа, на горенаведениот датум, објави вести со наслов „**Бугарија најде начин како да произведе нови фиктивни Бугари**".

Текстот на вестите е полн со дезинформации, лажни претпоставки, односно лажни вести, со ксенофобичен и вознемирувачки наратив насочен кон Р.Бугарија и бугарскиот народ, особено што упатството издадено од Министерот за правда на РСМ е суспендирано од страна на Уставниот суд на РСМ. Во продолжение текстот на вестите:

Со оглед на фактот дека согласно член 2 став (1) алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, целта на законот е поттикнување, унапредување и заштита на културниот идентитет, јазикот и традицијата на заедниците во Република Македонија, почитување на културните разлики, поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните со цел да се зацврстува заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници, на ТВ Алфа континуирано во смисла на член 48 став (1) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се истакнуваат вести и содржини со кои се поттикнува, се шири говор на омраза, вознемирување, нетрпеливост, омраза, дезинформации и лажни вести, врз основа на потекло, национална и етничка припадност, јазик, државјанство кон бугарскиот народ и држава, со што грубо се повредени и начелата од член 61 став (1) алинеи 3, 6, 7, 8 и 9 од истиот Закон, како што се: Начелото на поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло, Начело на поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, Начело на отвореност на програмите за изразување на различните култури што се составен дел на општеството и Начело на зачувување и негување на националниот идентитет, јазичната култура.

**Здружението на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка "ДЕЛО" Скопје**, покренува иницијатива **Агенцијата да изврши програмски (вонреден) надзор во ТВ Алфа** и во вестите кои ги објавува и се објавени на веб страната на ТВ Алфа како и на youtube каналот на телевизијата Alfa TV News согласно одредбите од член 27 став (1), став (2) алинеја 2 и став (4), а во врска со член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, **на начин што ќе изготви писмен извештај и согласно горенаведените повреди на одредбите од материјалниот закон и Законот за медиумите**, Советот на Агенцијата да донесе **решение со кое ќе изрече јавна опомена** во смисла на член 23 став (2) в.в со став (1) алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Ве молиме за исходот од постапката да не известите благовремено на адресата на Здружението ДЕЛО Скопје,

**Здружение ДЕЛО Скопје**

Здружение на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка ДЕЛО Скопје

____________________________

11.07.2023 година